**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ОСНОВИ НА МЕХАНИКА НА ФЛУИДИ”**
**ОД ВОН. ПРОФ. Д-Р САШКО ДИМИТРОВ, МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ,**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.2202-58/6 од 7.5.2021 г. донесена на редовна седница на Наставно-научниот совет на Машински факултет, одржана на 7.5.2021 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **д-р Симеон Симеонов,** редовен професор на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип
– **д-р Зоран Димитровски,** редовен професор на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип

за изготвување на извештај на приложениот ракопис **„Основи на механика на флуиди” од вон. проф. д-р Сашко Димитров,** наменета за студентите на прв циклус студии на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Машински факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Насловот на учебникот е „Основи на механика на флуиди”, а називот на предметот е Механика на флуиди, кој се слуша во V семестар, со неделен фонд на часови 3+2+2. Приложениот ракопис е во согласност со наставната програма и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот е напишан на 306 страници, А4 формат, со 147 слики. Обемот на ракописот по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ваков учебник во нашата земја има објавено од авторот Методија Мирчевски, со наслов „Механика на флуиди“, Машински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје.

Приложениот ракопис „Основи на механика на флуиди” од авторот вон. проф. д-р Сашко Димитров е напишан според наставната програма на Машинскиот факултет при УГД – Штип.

**Краток опис на содржината:** Овој ракопис ги содржи следните поглавја: 1- Вовед во механиката на флуиди, 2- Статика на флуидите, 3 – Кинематика на струењата, 4 – Динамика на идеален флуид, 5 – Примери на стационарно струење на некомпресибилен флуид, 6 – Струење на вискозен флуид, 7 – Методи на применета механика на флуидите.

## ЗАКЛУЧОК

Ракописот го има потребниот образовно-стручен квалитет и истиот ќе послужи за стекнување на основните познавања за физичките својства на флуидите, условите за мирување на флуидите, условите за пливање на телата и струење на флуидите во цевководни системи. Ракописот пред се е наменет за студентите, но и за вработени во работни организации кои ја обработуваат оваа проблематика.

Предложениот ракопис ги задоволува критериумите за објавување. Ракописот се категоризира како учебник.

**Рецензенти**

**Д-р Симеон Симеонов,** редовен професор, с.р.
**Д-р Зоран Димитровски,** редовен професор, с.р.